INTERNATIONAL BACCALAUREATE
BACCALAURÉAT INTERNATIONAL
BACHILLERATO INTERNACIONAL

M00/167/S

**MACEDONIAN A1 – STANDARD LEVEL – PAPER 1**
**MACEDONIEN A1 – NIVEAU MOYEN – ÉPREUVE 1**
**MACEDONIO A1 – NIVEL MEDIO – PRUEBA 1**

Monday 8 May 2000 (morning)
Lundi 8 mai 2000 (matin)
Lunes 8 de mayo del 2000 (mañana)

3 hours / 3 heures / 3 horas

---

INSTRUCTIONS TO CANDIDATES

- Do not open this examination paper until instructed to do so.
- Section A: Write a commentary on one passage. Include in your commentary answers to all the questions set.
- Section B: Answer one essay question. Refer mainly to works studied in Part 3 (Groups of Works); references to other works are permissible but must not form the main body of your answer.

INSTRUCTIONS DESTINÉES AUX CANDIDATS

- Ne pas ouvrir cette épreuve avant d'y être autorisé.
- Section A : Écrire un commentaire sur un passage. Votre commentaire doit traiter toutes les questions posées.
- Section B : Traiter un sujet de composition. Se référer principalement aux œuvres étudiées dans la troisième partie (Groupes d'œuvres) ; les références à d'autres œuvres sont permises mais ne doivent pas constituer l'essentiel de la réponse.

INSTRUCCIONES PARA LOS ALUMNOS

- No abra esta prueba hasta que se lo autoricen.
- Sección A: Escriba un comentario sobre uno de los fragmentos. Debe incluir en su comentario respuestas a todas las preguntas de orientación.
- Sección B: Elija un tema de redacción. Su respuesta debe centrarse principalmente en las obras estudiadas para la Parte 3 (Grupos de obras); se permiten referencias a otras obras siempre que no formen la parte principal de la respuesta.

**A**

Коментирајте <u>еден</u> од следниве извадоци:

1(a)

На атпазар во Прилеп оваа сабота врише од народ. Пазариштето беше полно со секаков крупен добиток, та "одвај ја држеше земјата на своите плеќи." Тешко и беше на земјата да ја издржи таа тежина, но уште потешко им беше на луѓето да го издржат жешкото јулско сонце кое уште одутрина почна силно да пече.

Атпазар како атпазар. Тука имаше и убави арапски коњи и мршави магариња; и убави расни бикови и волови, и мршави плански крави и телиња.

Покрај секој добиток, или група добици, стоеја по еден или дбајца пазачи и одговараа на прашањата од муштериите. Сите овие луѓе - пазачите - изгледаа еднакви. Во алиштата искинати - испарталавени, речиси голи, со изгорени градници и плеќи, небричени, нестрижени, разбушавени, немиени, испиени во лицата, пропаднати во очите, бетер и од најслабата крава или магаре. Вооружени со по еден голем стап ја држеа дисциплината кај бесните атови и бикови, кои често се клоцаа и бодеа меѓу себе. Потпрени на стаповите, повеќе мижеа отколку што гледаа и чекаа да фрли "дедо господ" некое облаче пред жешкото сонце, да им ја ублажи жештината и да ја олесни положбата во која се наоѓаа на припекот.

Други пак луѓе, сосема спротивни на првите: добро угоени, избричени или со убаво потстрижени бради, измиени, богато облечени; со широки чоени или кадфени потури, свилени појаси, срмени елеци и севозможни златни и сребрени накити, со пиштоли за појасите, гордо се шетаа низ пазариштето броејќи ги по стотти или илјадити пат килибаровите броеници со меките и чисти прсти. Тие често се запираа, во групи од по два-тројца, пред некој убав коњ, вол, бик и го прашаа пазачот чиј е, и колку пари му бара чорбаџијата. Момците одговараа: на Асан-бег од Ерековци, на Селим-бег од Коњари, на Суљо-бег од Рувци, на Муарема, Фазли, Фета, Даута, Сефедина, Мамут-бега од Дедабалци, Шелеверци, Алданци, Букри, Егри Бач, Брод, Новаци итн. и им ја кажуваа и цената на стоката која стопаните бегови беа ја определиле, а исто така им ги покажуваа и самите бегови кои седеа во блиското кафе и водеа пријатни разговори.

Што можеа да разговараат беговите од прилепската нахија? Се знае ли пак какви не разговори се водеа во безработица и ѕуѕр.

-Изведов два чифта волови на пазар да продадам. Ми треба некоја пара за мастраф на куќата; нема од друго место од каде да се фати, - им велеше Даут на колегите и ги фалеше воловите:

-Не се волови - ангели, што викаат каурите. Куќа можат да повлечат.

-Јас пак дојдов да купам два чифта; ајде ако е мунасип и касмет; да ги видам што стока се, да фаќаме рака, - се јави Фазли од Дедебалци.

-Разорав баеги ледини од чифлигот, та ќе ми требат уште два чифта волови, а за луѓе, нека се живи каурките, родиле доста синови за нашите чифлизи.

<u>Калеш Анѓа</u> од Стале Попов, 1965

- Коментирајте го стилот на делото од извадокот.
- Опишете ја атмосферата на атпазарот во извадокот.
- Опишете го претставувањето на ликовите и нивните меѓусебни односи во извадокот.
- Прокоментирајте го третманот на посебната средина во извадокот.

1(b)

Подготовки за претстава

Најнапред лавовите, слоновите,
мајмуните и другите дивини
треба да се смират со благи средства.

Шапката на маѓиончарот внимателно
да се исполни со бели гулаби
шарени шамии и други сродни ветувања.

Добро да се проверат синџирите
оптегнатите јажиња, цврстината
на мрежата, бравите на големиот кафез.

Но најмногу од се внимание бара
ритуалното шмикање на кловнот,
на кого се потпира секоја претстава.

<u>Подготовки за претстава</u>,
од Весна Ацевска, 1989

- Коментирајте го стилот на песната.
- Прокоментирајте го значењето на фразата – "На кого се потпира секоја претстава."
- Прокоментирајте го насловот на песната – "Подготовки за претстава."
- Дали нејзините слики ви сугерираат нешто што останува недоискажано во песната?

B

Напишете есеј на ЕДНА од следниве теми. Вашиот одговор треба да се заснова на барем две од проучените дела наведени во Третиот дел. Дозволено е споменување и на други дела, но тие никако не смеат да ја чинат суштината на вашиот одговор.

2. Разгледајте ја улогата за носталгијата за минатото или сонови за иднината во делата кои сте ги изучувале.

3. Споредете ја функцијата на негативни ликови во делата кои сте ги изучувале. Во колкава мера нивната присутност придонесува во развојот на заплетот, или во изразот на авторовата идеја?

4. Испитајте ја улогата на судирот во делата кои сте ги изучувале.

5. Некои автори веруваат дека тие се "учители" и нивните дела се "лекции." На кој начин читателот може да чита "лекција" во делата кои сте ги изучувале?

6. Споредете ја претставата за средината и атмосферата во две или повеќе дела кои сте ги изучувале.